**20242073560**

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 427 став (1) и член 438 алинеја 9, а во врска со член 88 став (1) и став (7) од Законот за финансиски инструменти („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/2024), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на 4.10.2024 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА ПРИЗНАТИ КВАЛИФИКАЦИИ

### Општи одредби

Член 1

Со Правилникот за признати квалификации (во понатамошниот текст: Правилник) се пропишуваат:

- минималните знаења, квалификации, компетентност и потребното работно искуство за извршување на инвестициски услуги и активности од член 3 став 1 од овој Правилник;
- формата и содржината на водење на регистар на овластени лица од член 87став (2) од Законот за финансиски инструменти (во понатамошниот текст: Законот) од страна на инвестициското друштво;
- воспоставувањето на систем на континуирано образование на овластени лица за извршување на инвестициски услуги и активности и надзор над истите ;
- постапката на признавање на стручните квалификации од член 88 ставови (2) и (3) од Законот и
- спроведување на стручни испити за проверка на знаењата и стекнување на потребни квалификации за извршување на работите од член 85 став (2) од Законот.

### Општи кадровски услови

Член 2

(1) Инвестициското друштво е должно во секој момент да ги исполнува организациските услови пропишани со Законот и со овој Правилник и да има на располагање доволен број на овластени лица со соодветни знаења и квалификации кои обезбедуваат постапување во најдобар интерес на клиентот, во зависност од обемот на работење, услугите и активностите кои ги извршува и во однос на кои инструменти и/или инвестициски производи се извршуваат тие услуги и активности.

(2) Инвестициското друштво е должно да обезбеди дека лицата кои вршат инвестициски услуги и активности во смисла на член 3 став (1) од овој Правилник во име на друштвото, вклучително и сите трети лица, врзани застапници и лицата на кои им е доделено извршувањето на определена инвестициска услуга ги исполнуваат условите пропишани со Законот и со овој Правилник.

(3) Инвестициското друштво е должно да обезбеди дека овластените лица од член 4 од овој Правилник имаат знаење и стручност соодветни за извршување на секоја од инвестициските активности од член 3 став (1) од овој Правилник, регулаторните барања и правилата на деловната етика кои важат за таа услуга и дека компетенциите и стручноста се стекнуваат и одржуваат континуирано преку работно искуство и обука за време на работа.

(4) Инвестициското друштво е должно во својата организациска структура јасно да предвиди која работна позиција има обврска за извршување на одредени инвестициски услуги наведени во член 3 став (1) од Правилникот.

(5) Инвестициски активности во инвестициското друштво, може да извршуваат единствено овластените лица со соодветни квалификации.

(6) Едно овластено лице може да врши една или повеќе активности поврзани со инвестициските услуги, како и останати активности само доколку инвестициското друштво е во можност соодветно да управува со судирот на интереси со кој ќе се соочи.

(7) Овластено лице кое извршува повеќе активности, мора да поседува професионални квалификации за сите функции кои ги извршува, освен ако индивидуалната професионална квалификација не вклучува повеќе работи и/или активности.

(8) Повеќе работи и/или активности може да изведуваат само овластените лица кои имаат признати квалификации во согласност со овој Правилник.

**Инвестициски активности при извршување на инвестициски услуги - релевантни функции**

Член 3

(1) Неопходно знаење и квалификации мора да имаат вработените лица во инвестициското друштво и другите физички лица кои во име или за сметка на инвестициското друштво, независно од организациската структура на инвестициското друштво и работното место или задолженијата на секое лице во рамките на инвестициските услуги и активности кои ги извршува друштвото, ги вршат следните работи, односно ги извршуваат следните релевантни функции (во понатамошниот текст : релевантни функции):

а) ги информираат или учествуваат во информирањето на клиентите или потенцијалните клиенти за финансиските инструменти, инвестициските услуги и активности и помошните услуги на друштвото или ги советуваат клиентите за услугите и активностите на друштвото; (категорија на активност: (а1)-информирање за инвестициски услуги и финансиски инструменти);

б) прием и пренос на налози поврзани со еден или повеќе финансиски инструменти; (категорија на активност (б-1)- прием и пренос на налози на клиенти)

в) прием и пренос на налози поврзани со еден или повеќе финансиски инструменти и извршување на налози за сметка на клиенти (категорија на активност (б2)-брокерски услуги)

г) тргување за сопствена сметка; (категорија на активност (в1)-инвестициски услуги во име и за сметка на друштво - принципал);

д) им даваат инвестициски совети на клиентите или носат инвестициски одлуки во рамките на услугата за управување со портфолио. (категорија на активност (г1)-инвестиционо советување и (г2)- управување со портфолио).

(2) Следните работи и/или активности во смисла од овој Правилник не се сметаат за активности за кои е неопходно знаење и квалификации за вработените лица во инвестициското друштво и/или за другите физички лица кои во име или за сметка на инвестициското друштво ги извршуваат:

а) упатување на корисник за одредена информација;

б) споделување на брошури и/или флаери без давање дополнителни информации во врска со содржината и/или давање на инвестициски совети;

в) обезбедување општи информации на барање на клиентите, без обезбедување на дополнителни информации во врска со содржината и/или давањето на инвестициско советување;

г) позадински работи и/или активности кои не вклучуваат директен контакт со клиенти;

д) позадински работи и/или активности кои вклучуваат директен контакт со клиенти за информации кои не се директно поврзани со давањето на инвестициско советување, како што се дополнително собирање документација, обезбедување информации врзани со порамнување, давање на информации за корпоративни активности, работни активности кои се однесуваат на контрола на пресметката на вредностите на уделите во инвестициските фондови во однос на извршување на работите како депозитарните банки и слично;

ѓ) договарање за интернет банкарство, кое притоа не вклучува обезбедување на информации за инвестициски производи и/или услуги, туку се однесуваат само на корисничката поддршка поврзана со системската функционалност;

е) активности поврзани со старателство, кога работните активности се извршуваат на барање на клиентот.

(3) Овластените лица кои освен извршување на инвестициските услуги од став 1 на овој член, вршат и други активности за кои се потребни и други квалификации согласно позитивните законски прописи или доколку во рамки на извршувањето на инвестициските услуги нудат и и други услуги, мора да ги исполнуваат и условите пропишани со други релевантни прописи.

I. Минималните знаења, квалификации и потребно работно искуство за извршување на инвестициски услуги

**Овластени лица**

Член 4

(1) Релевантните функции од член 3 од овој Правилник можат да ги извршуваат само овластени лица кои имаат квалификации и работно искуство соодветни на работите кои ги извршуваат.

(2) Овластените лица кои нудат инвестициски услуги во однос на квалификациите и обемот на активности кои ги извршуваат се делат на :

а) лица кои имаат една или повеќе признати квалификации и соодветно работно искуство за извршување на релевантните функции согласно Прилог 1 од овој Правилник (во понатамошниот текст: квалификувани лица) и

б) лица кандидати кои стекнуваат квалификации за квалификувано лице согласно член 6 од овој Правилник (во понатамошниот текст: кандидати за квалификувани лица).

**Квалификувани лица**

Член 5

(1) Квалификувани лица се лица кои имаат една или повеќе признати квалификации и соодветно работно искуство за извршување на релевантните функции од член 3 став 1 од овој Правилник.

(2) Лицата од став 1 на овој член можат самостојно да ги извршуваат релевантните функции од член 3 од овој Правилник доколку ги поседуваат потребните квалификации наведени во Прилог 1 од овој Правилник.

(3) За секоја од релевантните функции од член 3 од овој Правилник, односно за секоја категорија на услуги/активности, инвестициското друштво мора да има ангажирано најмалку по едно овластено лице со соодветно признати квалификации.

(4) Инвестициското друштво кое што креира или создава финансиски производ или дистрибуира финансиски производ е должно да ангажира најмалку едно лице вклучено во процесот на донесување одлуки кое ги исполнува условите за вршење на соодветна релевантна функција од член 3 од овој Правилник, во смисла на потребните квалификации наведени во Прилог 1 од овој Правилник.

(5) На барање на Комисијата, инвестициското друштво е должно да докаже дека ги исполнува условите од став 3 и 4 на овој член.

**Кандидати за квалификувани лица**

Член 6

(1) Друштвото за извршување на релевантните функции од член 3 може како овластени лица да ангажира и кандидати за квалификувани лица доколку ги исполнуваат условите од овој член.

(2) Пред да започне кандидатот за квалификувано лице да ги извршува задачите вклучени во соодветната релевантна функција, инвестициското друштво мора да го информира ова лице дека истото е должно во рок од две години од почетокот на работниот ангажман да стекне соодветно работно искуство и соодветна призната квалификација со цел самостојно да извршува некоја од релевантните функции од член 3 од овој Правилник.

(3) За остварување на целта од ставот (2) на овој член, инвестициското друштво е должно да воспостави план за стекнување признаена квалификација и соодветно работно искуство и периодично да го следи постапувањето согласно воспоставениот план.

(4) Инвестициското друштво е должно да се погрижи кандидатот за квалификувано лице да помине соодветна интерна обука пред да му се одобри контакт со клиенти и/или потенцијални клиенти.

(5) Инвестициското друштво е должно да воспостави процедури кои обезбедуваат соодветно менторство на кандидатите за квалификувано лице.

(6) Процедурата од став (5) на овој член мора да го обезбеди најмалку следното:

а) до стекнување на квалификација и потребно работно искуство за самостојно вршење на определена релевантна функција, документацијата поврзана со соодветната услуга периодично да ја проверува квалификувано лице (во понатамошниот текст: ментор);

б) во однапред дефиниран временски период кој не може да биде пократок од еден месец, контактите со клиентите да бидат под надзор на ментор;

в) еден ментор да следи најмногу 5 кандидати во ист период.

(7) Инвестициското друштво е должно во рок од три месеци од ангажирањето на кандидатот за квалификувано лице да направи проценка на кандидатот за квалификувано лице која го содржи најмалку следното:

а) податоци за природата и сложеноста на извршените активности;

б) проценка на знаењето и примена на знаењето поврзано со регулаторните барања, применливи за активноста која ја извршува и

в) етика и однос кон клиентите или потенцијалните клиенти.

(8) Доколку кандидатот за квалификувано лице е врзан застапник или вработен во врзан застапник, менторството на вработените во врзаниот застапник мора да го врши лице кое има соодветни квалификации, без разлика дали тоа лице е вработено во инвестициското друштво или во врзаниот застапник.

(9) Инвестициското друштво е должно да склучи договор со врзаниот застапник од став (8) на овој член, кој содржи одредби за начинот и одговорноста за менторирање на кандидатите за квалификувано лице.

(10) Друштвото е должно да ги дефинира прекините на работниот однос кои не се пресметуваат во рокот од став 2 на овој член.

(11) Одредбите од овој член за менторство на кандидати за квалификувано лице не важат за лица кои имаат најмалку 4 години релевантно искуство стекнато во Република Северна Македонија или земји-членки на ЕУ, доколку за тоа постои веродостоен доказ. Под соодветно искуство се смета извршувањето на задачи кои се споредливи со задачите за кои се стекнува квалификацијата.

II. Обврска за водење на регистар на овластени лица од страна на инвестициското друштво

**Регистар на овластени лица**

Член 7

(1) Друштвото е должно да воспостави и редовно да го ажурира регистарот на овластени лица (Прилог 2) кој ќе ги содржи најмалку следните податоци:

а) име, презиме на лицето кое извршува инвестициски работи и/или активности;

б) информација за тоа дали лицето е квалификувано или има статус на кандидат за квалификувано лице;

в) релевантна функција која лицето е овластено да ја извршува и

г) датум на стекнување на признати квалификации и неопходното работно искуство.

(2) Доколку овластеното лице е кандидат за квалификувано лице, освен податоците од став 1 од овој член во Регистарот на овластени лица се внесуваат и следните податоци:

а) датум на започнувањето на извршувањето на работните активности;

б) податок за квалификациите со кои се стекнува;

в) податоци за завршени обуки, едукации пред започнување на комуникација со клиенти и

г) име и презиме на менторот и неговата квалификација.

(3) Друштво без одлагање ќе ги избрише лицата кои се водат во регистарот на овластени лица доколку:

а) ја изгубат квалификација, односно доколку истата е одземена или суспендирана;

б) во рок од две години, кандидатот за квалификувано лице не се стекне со признати квалификации;

в) врз основа на внатрешната контрола или ревизија или на друг начин инвестициското друштво утврди дека лицето сериозно ги има прекршено обврските пропишани со Законот и со овој Правилник и

г) во други случаи кои инвестициското друштво ги пропишува, кога лицето од било кои други причини повеќе не е овластено од страна на инвестициското друштво да врши работи (на пр. прекин на работниот однос или прераспределба на работна позиција која не е поврзана со извршување на инвестициските услуги).

(3) Лицата кои согласно став 3 од овој член се избришани од регистарот, не смеат да извршуваат релевантни функции во периодот додека се избришани од регистарот на овластени лица.

(5) Секое лице кое е запишано во регистарот на овластени лица има право на увид во регистарот на овластени лица во делот на своите податоци.

(6) Инвестициското друштво е должно на секое лице што било или е запишано во регистарот на негово барање да му издаде потврда за податоците пропишани со овој член.

(7) Инвестициското друштво е должно да ги чува податоците од регистарот најмалку 5 години од денот на запишување на податоците за овластените лица во регистарот на овластени лица.

**Докажување статус на овластено лице**

Член 8

(1) Инвестициско друштво на барање на клиент е должно да издаде документ со кој потврдува дека лицето кое ги извршува релеватните функции а за кои е одговорно и надлежно инвестициското друштво е овластено лице, во однос на релевантата функција која ја извршува.

(2) Инвестициското друштво е должно на јасен и недвосмислен начин во рамки на давање на општите информации за начинот на работење и вршењето на инвестициски услуги и активности да го информира клиентот за обврската од став 1 од овој член.

**Следење на исполнувањето на обврските**

Член 9

(1) Инвестициското друштво е должно најмалку еднаш годишно да врши ревизија на квалификациите на овластените лица од член 4 од овој Правилник, а по потреба и почесто заради проверка на точноста на податоците во регистрите и евиденцијата.

(2) Ревизијата од ставот (1) на овој член особено опфаќа проверка дали признатите и стекнатите квалификации на овластените лица се соодветни за релевантните функции што ги вршат.

(3) Ревизијата од став (1) ги опфаќа развојните и деловните потреби на овластените лица, имајќи ги предвид промените на законската регулатива и новите инвестициски производи и услуги што ги нуди инвестициското друштво.

(4) За ревизијата од ставот (1) на овој член се доставува извештај до високото раководство на инвестициското друштво.

(5) Во рамките на надзорните активности врз инвестициското друштво, а согласно член 135 став (1) точка 10 од Законот, Комисијата може како мерка на надзор да побара изготвување на извештајот од став 4 и пред истекот на рокот од став 1 на овој член.

**Други обврски на инвестициското друштво**

Член 10

(1) Инвестициското друштво е должно да обезбеди дека овластените лица на друштвото од член 4 од овој Правилник се запознаени со интерните политики и правилата на инвестициското друштво, дека истите ги разбираат и применуваат во својата работа со цел да се обезбеди усогласеност со соодветните прописи.

(2) Инвестициското друштво е должно со интерните политики и правила да ги определи одговорностите и правилата на однесување при давање на одредени релевантни функции од член 3 од Правилникот, да дефинира јасна разлика во описот на дејствијата и одговорностите помеѓу одредени инвестициски услуги и начинот на нивното извршување.

(3) Во интерните политики и правила од став 2 на овој член мора јасно да се види во кои организациони единици и на кој начин се извршуваат соодветните инвестициски услуги.

III. Воспоставување на систем на континуирано образование на овластени лица за извршување на инвестициски услуги и надзор над истото

**Континуирано образование од страна на друштвото**

Член 11

(1) Овластените лица од член 4 од овој Правилник се должни континуирано да го надградуваат своето образование, заради што се наметнува обврска овие лица во текот на една календарска година да реализираат определен број на часови за континуирано образование.

(2) Квалификуваните лица од член 5 од овој Правилник задолжително во текот на една календарска година мора да следат обука за континуирано образование во времетраење од најмалку 10 часа.

(3) Кандидатите за квалификувано лице од член 6 од овој Правилник задолжително во текот на една календарска година мора да следат обука за континуирано образование во времетраење од најмалку 20 часа.

(4) Инвестициското друштво е должно да воспостави систем на континуирано образование за сите категории на овластени лица од член 4 од овој Правилник.

(5) Континуираното образование на овластените лица за извршување на инвестициски активности треба содржински да е соодветно на признатата квалификација.

(6) Содржината на темите и времетраењето на обуката за континуирано образование соодветни за овластени лица за извршување на инвестициски активности подетално се наведени во Прилог-3 од овој Правилник.

(7) Инвестициското друштво е должно на годишна основа до Комисијата да доставува извештај за реализирани активности поврзани со континуираното образование за овластените лица од став 5 на овој член.

(8) Овластеното лице од член 4 во исклучителни околности (породилно отсуство, подолг период на боледување, стручно доусовршување во странство или други околности) поради кои не е во можност да се стекне со потребниот број на часови за континуирано образование, е должно од Комисијата да побара ослободување за континуирано образование за календарската година. За ослободувањето од обврската за континуирано образование одлучува Комисијата.

IV. Спроведување на стручни испити за проверка на знаење во однос на стекнати квалификации

**Испити за проверка на знаењата и потребни квалификации**

Член 12

(1) Комисијата е овластена да спроведува стручни испити за проверка на знаењата и стекнување на потребни квалификации потребни за извршување на релевантните функции од член 3 од овој Правилник.

(2) Стручните испити од став 1 на овој член се организираат и спроведуваат по потреба, по проценка на Комисијата.

(3) Комисијата со Одлука, ја утврдува потребата за спроведување на стручен испит за проверка на знаење во однос на стекнати квалификации, како и деталите за спроведување на овој стручен испит како што е на пример: начин на спроведување, опфат на лица, категорија на инвестициски услуги, програма за испитот и сл.

V. Постапката на признавање на стручни квалификации

**Признавање на стручни квалификации**

Член 13

(1) Неопходните стручни квалификации за извршување на инвестициските активности од член 3 став 1 од овој Правилник се темелат на стекнато знаење и положен стручен испит за работење со хартии од вредност и/или за инвестициско советување.

(2) Со Правилникот за содржината, условите и постапката за организирање и спроведување на обука и полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност и за инвестициско советување и признавање на документ за стекнати квалификации во странство во областа на работење со хартии од вредност и инвестициско советување, подетално е регулирана материјата за признавање на документ за стекнати квалификации во странство во областа на работењето со хартии од вредност и инвестициско советување.

(3) За цели од овој Правилник, ќе се применува постапката за признавање на стручни квалификации наведена во Правилникот од став 2 на овој член.

VI. Преодни и завршни одредби

Член 14

(1) Прилозите кои се составен дел на овој Правилник, Комисијата ги објавува на својата веб страна.

(2) Со започнувањето на примената од овој Правилник престанува да важи Правилникот за кадровска, техничка и организациона оспособеност за основање и работа на овластено правно лице за вршење услуги со хартии од вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/2022) во делот на кадровска оспособеност.

(3) Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува од денот на започнување на примената на Законот за финансиски инструменти (Службен весник на Република Северна Македонија број 66/2024).

Бр. 01-615/1
4 октомври 2024 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.